**СПИСАНИЕ ЗА КУЛТУРАЛИЗАЦИЈА**
**2-3/2005г.**

ДОН КИХОТИ - НАПРЕД!

ЧОВЕКОТ ГОРДО ЗВУЧИ
САМО КАКО ЛИЧНОСТ



ВО БРАК САМО СО ПЕРСОНАЛНА ЗРЕЛОСТ

ДА БИДЕМЕ ЕЖОВСКИ ИЛИ ЕСКИМСКИ КОМУНИКАТОРИ

ВО ПОТРАГА ПО СМИСЛАТА НА ЖИВОТОТ

ЗА ТРЕСКАВЕЦОТ И ЗЛАТНОТО ЈАБОЛКО

ПСИХОЛОШКАТА ДИМЕНЗИЈА НА МИСТИЧНОТО РАСПЕТИЕ

ДРАМА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ПРОЛЕТЕРИЈАТОТ

**ВО ЛАВИРИНТОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА**

# ЛИДЕРСТВОТО И ХРИСТИЈАНСКИТЕ ПОУКИ ВО НЕГО

*Во контекст на Велигденските празници Ви презентирам дел од моите истражувања за градењето вредносен систем на менаџерите-лидери со вистински вредности, во кои се вбројуваат и оние на христијанското учење.Во него централно место и' припаѓа на љубовта онаква каква што Христос, создателот на Христијанството ја пропагирал: чин на давање како семе кое не може да го уништат ни невремето, ни војните, ни омразата или злото на поединците.*

## Љубовта - највисоката Христијанска вредност

Христијанството како учење не е празно мудрување или теоретизирање , слепо гледање или, како што некои умуваат, опиум за народот. Тоа е опит, искуство и разум. Тоа е идејакоја учи за љубовта. Идеја која се потпира на примерност, меѓусебно разбирање и почитување, трпеливост, совесност, соработка и многу други доблести кои укажуваат за добробит на сите на земјата. Тоа е идеја која, во еден иден период на овој забрзан и неконтролиран развој, мора посебно да се претпочита ако човештвото сака да опстани. Идејата беше парната машина , авионот, роботиката и многу други нешта, но станаа реалност. Токму затоа и идејата што љубовта ја застапува како највисока Христијанска вредност еден ден мора да стане реалност.

## Вредностите на Христовата личност

Кои се вредностите што ја одликуваат личноста на Исус Христос, создателот на христијанското учење? Одговор ќе најдеме во цитатот од "Етика" на д-р К.Темков:
"Исус бил човек полн со добрини и својот живот го посветил на нивното извршување. Бил олицетворение на благоста, не го кревал гласот, не завидувал никому, не се налутил никому. Бил образец на смерноста, трпеливоста, издржливоста, на повлеченоста во себе. Не му требало ништо и ништо не барал. Бил посветен на херојството на човечкото спасување. Неговиот живот и дело сведочат за една исклучителна етичка личност, за една човечки вредна животна етика во која психолошките квалитети на човекот се едногласни со неговите намери и постапки. Исус е личност која ја нашла смислата на својот живот, кој не се плаши пред задачите, заинтересирано го набљудува животот околу себе, го споредува со идеалните замисли, ги критикува состојбите, но и пристапува кон нивно менување, правејќи се' што му е во моќта, дури и повеќе. Кога не е сигурен дека ќе има сили за соодветно дело-по молитвите кон Бога, тој и се препушта на добрата акција, сигурен дека ќе успее, надевајќи се дека од нејзината оправданост ќе изнајде сили за дејствување."

## Поуки за лидерскиот систем на вредности

Во беседата на гората пред народот( според Матеј 5.13,14,15,16) Христос порачува: "Вие сте солта на земјата. Но, ако солта ја изгуби силата, со што ќе се соли. Таа веќе за ништо не е, освен да се фрли надвор и згази од луѓето. Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина. Ниту, пак, светлото се пали и се става под поклоп, туку на свеќник и им свети в куќи. Таа *треба да свети пред луѓето и Вашата светлина*, за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Отец небесни".
Многу јасни Исусови зборови за улогата на личноста во етичките дејствија сфатени како поучување, обука на учениците т.е. следбениците и идните лидери во однесувањето пред самите себе и пред народот. Секој ученик кој потоа станува *учител и водач мора да има изграден вредносен систем на квалитети*.Без таквиот систем , тој не е ни способен односно нема легитимитет да биде водач. Тоа е она што Исус метафорично го искажува со солта ( чии својства се: давање вкус на храната, нејзино одржување во нераспаѓање и др.) :"...ако солта ја изгуби силата, со што ќе се соли?" Аналогно, доколку лидерите не се одликуваат со изграден вредносен сsстем на квалитети (не се примерни и немаат способности, знаења и умеења да бидат лидери и се одликуваат со лукавство, измами, незнаење и сл.) не се за ништо, освен да се фрлат надвор и згазат од народот.
Лидерите по својот изграден вредносен систем на квалитети треба да ја претставуваат светлината на светот. Народот многу јасно треба да ги види нивните добри дела. Народот ги познава добрите дела. Тој може да биде измамен кратко време . но во подолг период-не. Историјата покажала дека лидерите со изграден вредносен сsстем на квалитети остануваат вечни светилници на многу генерации.

## Поуки за скромност и духовна вредност

" Исус Христос е голем советник на скромноста, тој препорачува тивко правилно дејствување , тој е против егзибиционизмот при правење добро, бидејќи доброто ја има вредноста по себе.Зашто демонстрирањето на правењето добро ја обзема душата со други чувства. Доброто што се прави за награда, навистина е нешто подобро отколку правењето на лоши дела , но самото не е достатно инспиративно, бидејќи не е интимно, ниту совршено".(цитат од "Етика" на д-р К.Темков).
Скромноста, умереноста и реалноста , треба да бидат одлика на луѓето, односно на лидерите. Не треба големи фалби и преистакнување на својата праведност, способност и добрина. Луѓето самите знаат што е добро и колку е тоа добро или што е лошо и колку е тоа лошо. Луѓето знаат да ценат. Наградата за заслугата, сама доаѓа од вистината. Дали таа ќе биде голема или мала, трајна или минлива , самата вистина ќе ја одреди..
За Христијанството сосема е јасно дека "врвната вредност не е економска или социјална туку духовна. Таа се постигнува преку внатрешна, длабинска преродба на индивидуате, што се рефлектира и во социјалната сфера. Тоа не станува принудно, туку преку слободно самоопределување". Исус обраќајќи им се на народот и на учениците свои во беседата на горага , истакнува дека земните, материјалните богатства, колку и да се големи тие никогаш не можат да бидат повредни од духовните богатства. "Не собирајте богатства на земјата, каде Што ги јаде молецот и 'рѓата и каде што крадците ги поткопуваат и крадат; но собирајте си богатства за на небото, каде што ни молец , ниту 'рѓа ги јаде, и каде што крадци не ги поткопуваат, ниту крадат; зошто *каде што е богатството ваше , таму ќе биде и срцето ваше ( според Матеј 6,19,20,21).*
Овие зборови на Исус Христос не забрануваат материјално богатење, туку се совет за правилно раководење на желбите и човековите страсти.Зошто основната цел на лидерот е правилно да ги води луѓето а не по секоја цена и секаков начин да трча по материјално богатство , па да се запостават должностите и обврските на улогата лидер.
Лидерот е богат доколку постојано се богати со љубов, разбирање, знаење, способност, внатрешна силина т.е духовно богатство и умее истото да им го пренеси на оние што ги води. Зошто луѓето го следат примерот на лидерот.

## Поуки за реално и разумно одлучување

Лидерот мора да има јасен поглед, мора да ги разбира луѓето, да ги разбира нештата, пред себе да ја гледа правата вистина и тоа без пристрасности и предрасуди. Во тој поглед Исус Христос истакнува : "Светило за телото е окото. И така ако твоето око биде чисто и целото твое тело ќе биде светло; ако, пак, твоето око биде лошо , целото тело ќе биде темно. И така, ако светлината што е во тебе, е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?"(Матеј. 6.22,23)
Оптимизмот, љубовта, вербата во вистината, реалноста и објективноста треба да бидат водители на лидерот, без никакво искривување на сликите, без затемнување на вистината, без прикривање на реалностите, може да се постигне долгорочен успех.
Се лажат сите оние луѓе и сите оние лидери кои сметаат дека преку критикување, омаловажување и негирање на другите, со лаги и измами, ќе успеат и ќе се одржат долгорочно на своите положби.
Постапките на лидерот треба да бидат реални , праведни и да влијаат поучно врз останатите.
" Не судете, за да не бидете судени; оти со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква ќе ви се мери.
Зошто ја гледаш раската во окото на брата си, а гредата во своето око не ја чувствуваш?
Или, како ќе кажеш на брата си , чекај да ти ја извадам раската од окото; а, пак, ете, во твоето око има греда?
Лицемеру, извадија прво гредата од твоето око, па тогаш ќе видиш како да ја извадиш раската од окото на брата си." (Матеј 7.1,2,3,4,5)
Лидерот треба разумно , со чиста совест и објективно да настапува и одлучува. Реалноста да му биде негов критериум , негова вредност. Зошто со право е речено дека ако судиш објективно и објективно ќе ти се суди. Доколку пак судиш необјективно и применуваш различни принципи и критериуми тогаш мораш да очекуваш дека и кон тебе можат така да постапат.
Затоа, лидерот е најдобро најпрвин самиот себе да се преиспита, да се осознае, да си ги види своите позитивни и негативни страни, своите можности со кои самиот располага како и опасностите кои му демнеат за неговите неправилни постапки, неможности , лаги и измами, па потоа да им суди на другите.
Од аспект на оваа проблематика која ја обработуваме, во никој случај не смее да се рече дека лидерот не смее да суди односно да одлучува, на тоа и не помислуваме, туку напротив одлучувањето или оценувањето е дел од активностите на лидерот кои скоро секој ден ги извршува.
Сигурно дека лидерот тоа треба да го прави реално, разумно, со чиста совест и согласно постапките кои се компоненти на одлучувањето.

Проф. Д-р. Трајче Мицески